# Living the Lotus

1

## Buddhism in Everyday Life

2025
VOL. 232




Rissho Kosei-kai of Oklahoma

**Living the Lotus**
**Vol. 232 ( Јануари 2025 )**

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.

# Секој еден од нас е оаза

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи




## Станица за заминување наречена 'Нови години'

Среќна Нова Година!

Новиите Години се кога секој посакува добродојде на почетокот на годината и прави свеж старт заедно. Со други зборови, тоа е како станица за заминување на железничка пруга. Новите Години исто така ни нудат фина можност да направиме нов завет, базиран на преглед на старата година, и да свртиме нов лист. Да цитирам поема од Мокичи Саито (1882-1953), 'На почетокот на нова година, / Фокусирај се на едно нешто, / Стави го својот ум кон тоа, / И движи се напред.' Слично, на оваа станица за заминувањње, ние сакаме да бидеме сигурни дека сме добро подготвени за целогодишно патување кое лежи пред нас. Патем, каков завет вие направивте и се одлучивте да 'го ставите вашиот ум кон тоа, и да се движите напред' со тоа?

Оваа година, јас сум благословен да го славам мојот беију (осумдесет-и-осми роденден, согласно на традиционалниот Јапонски начин на броење години), нешто за кое јас сум екстремно благодарен и среќен. Без оглед колку стари сме ние, сепак, ако тоа е човечка природа да се стреми кон растеж и само-подобрување, тогаш јас мислам дека беију роденден е само уште една пресвртница, застанување низ железничката пруга на животот, и кога еднаш јас ќе го поминам ова брдо, јас ќе можам да го превземам следното. Заради оваа причина, пак повторно оваа година, јас се надевам да продолжам да напредувам и растам, додека секогаш запомнувајќи да бидам ревносен и обзирен кон другите.

Ова е мојот годишен план кој никогаш не се променува, но во последните години, тој стана особено важен за мене да направам поголем напор да 'развијам луѓе.'

Земјата е убава планета на плава вода, која лебди во универзумот, но нејзината околина се влошува година по година, додека човечките битија кои живеат таму бескрајно се ангажирани во конфликт и војна . . . . Ова состојба на нештата ме потсетува на важноста на секој и сите нас да го направиме тоа дел од личниот план да воспитаме луѓе кои имаат богато чувство на човечност и кои вистински ја разбираат болката на другите. После се, ние имаме одговорност да оставиме после нас прекрасна планета земја, во која постои хармонија во умовите на луѓето исто како и во околината.

## Растејќи дрво во вашиот ум

Како што јас имам спомнато претходно, гледајќи напред кон стогодишнината од основањето на Ришо Косеи-каи, ние треба да го направиме 'воспитувањето на човечки битија' приоритет. Зборувајќи од нашата позиција како Будисти, ова значи дека преку Будините учења, ние воспитуваме бодисатви – луѓе со умот на обзирност кои го прават најдоброто од себе за другите и кои сакаат не само да се направат себеси среќни туку исто така да донесат среќа и ослободување кон членовите на нивните фамилии, нивните заедници, и дури на луѓето на другата страна на светот.

Каде и да постои бодисатва чиј ум е како оаза, давајќи им на луѓето утеха и мир на умот, тоа место станува оаза. Идеалот кој јас го замислувам е дека кога таквите луѓе ќе се соберат заедно, тие формираат оаза наречена локална сангха (заедница која дели иста верба), која ќе се рашири како место кое ги храни умовите на луѓето. Се разбира, примарната цел не е развојот на оваа организација, туку попрво идеал кој произлегува од итно чувство на опасност во однос на иднината на земјата и човештвото.

Од друга страна, во старите времиња, постоеле луѓе кои имале убиствени намери, дури и кон Шакјамуни и уште од почетокот на човечкиот вид, човечката желба да прави што сака не се променила; понатаму, трендот бил за алчни желби и насилни импулси да се множат. Од друга страна, исто како што алчните желби се без граница, тие што дошле пред нас нé научиле дека нашите идеали исто така не треба да имаат граница. Без идеали, не може да има напредок, и да се направат идеалите реалност е целта на човечкиот живот. Секој од нас стои на стартната линија на осознавање на идеал. Тоа почнува кога вие станувате како дрво во оаза за вашата сопствена фамилија, и тогаш вашата фамилија станува оаза за ва шето соседство.

Во Будизмот, земање на живот – што значи, земање на живот на друга личност – се смета за најголемо погрешно дело. Заради тоа, практикување на сочувство, правејќи нешта како делување и зборување со нежност и обзирност кон другите секој ден – ни помага да ја разбереме светоста на животот и нашето единство со другите. Таквите практики се исто форма на корисност кон другите и можат да водат кон садење на цвеќиња и дрвја кои стануваат нова оаза во умовите на луѓето. На овој начин, доброто согласување со многу луѓе, живеејќи живот во целост во сегашниот момент, и покажувајќи благодарност еден кон друг значи, во зборовите на Основачот Нивано, 'пренесување на заслуги на тие доверени со тоа што доаѓа после нас' – што е, поврзување со иднината преку пренесување на заслуги на идните генерации.

(Од *Косеи*, Јануари 2025)



# Годишни настани на Ришо Косеи-каи

## Годишен Меморијален ден на Основачот Нивано

Церемонијата за годишниот меморијален ден кога Основачот Нивано влегол во нирвана се одржува на 4ти Октомври.

Основачот Нивано влегол во нирвана на 4ти Октомври, 1999, на возраст од деведесет-и-две. За време на оваа церемонија, членовите на Ришо Косеи-каи ја негуваат неговата меморија, ги фалат неговите доблести, и го отплаќаат нашиот долг на благодарност. Ние исто се заветуваме да ги наследиме неговите учења и да ги ставиме во пракса.

Откако го основал Ришо Косеи-каи, Основачот енергично работел за реализирање на светски мир преку меѓурелигиозен дијалог додека ги ширел учењата на Лотос Сутрата и ги ослободувал луѓето со духот на Едното Возило, кое нé охрабрува нас да ги почитуваме, прифатиме, да соработуваме со нив, и да ги споделуваме нашите чувства со другите.






### Дали знаевте?

Основачот Нивано ја примил Темплетон Наградата во 1979. Оваа награда, утврдена во 1973, е често нарекувана ‘Нобелова награда на полето на религијата’ затоа што таа ги наградува тие кои се посветуваат себеси кон напредок во религијата.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

## *Оешики-Ичијо* фестивал







*Матои* (стандарди спроведени од традиционалните Јапански пожарникари) се возбудливи на врвот на парадата, следени од звукот на флути од бамбус, рачни гонгови, и рачни тапани, кои обезбедуваат ритам на музиката. Тогаш хартиени цутови од цреша кои ја украсуваат Мандо, 'преносна, осветлена пагода,' која ги симболизира цутењето на црешите во целосен цвет, оди горе и доле во воздухот како да се издигнува и шири преку небото.

Општо, Оешики значи меморијална служба за Свештеникот Ничирен (1222-1282), основачот на Ничирен сектата на Јапонскиот Будизам, одржувана на 13ти Октомври, датумот кога тој починал. Мандо парадата се изведува за време на церемонијата.

Годишно, Ришо Косеи-каи изведува Оешики и Оешики-Ичијо фестивали, поворка на Мандо, блиску до седиштата и Големата Света Хала на првата Недела на Октомври за да се комеморираат доблестите на Свештеникот Ничирен, кој ја ширел Лотос Сутрата, и тие на Основачот, кој го основал Ришо Косеи-каи и го посветил неговиот целокупен живот на светски мир. Организацијата исто ги охрабрува членовите да го отплатат нашиот долг на благодарност, да го чуваат духот на ‘многу во тело но еден во дух,’ и да ги шират учењата нашироко на овој ден.

### Дали знаевте?

Свештеникот Ничирен бил роден во тоа што е сега Чиба Областа за време на Камакура периодот (1185 до 1333). Тој станал калуѓер на возраст од шеснаесет и бил трениран во Камакура и на планината Хиеи, каде тој ги проучувал учењата на различни секти на Јапански Будизам. Тој оставил неколку пишани дела, вклучувајќи ‘Ришо Анкоку Рон (Утврдување на исправната доктрина и мир во нацијата),’ и го посветил неговиот живот на ширење на учењата на Лотос Сутрата.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

# Правејќи го светот одлична голема Сангха

## Сангха е целината на Буда патот

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



После длабокото размислување за значењето на Сангхата, Ананда, Будиниот личен придружник, го прашал Шакјамуни Буда, 'Јас верувам дека имајќи добри духовни пријатели и духовни придружници е половина од Буда патот. Што мислиш ти?'

Будата тогаш одговорил, 'Не, тоа не е половина. Да се биде со добри духовни пријатели е целината на Буда патот.'

Основен критериум за да се биде Будист е да се земе засолниште во Трите Богатства. Да се земе засолниште во Будата, Дармата, и Самгхата било суштинско барање за да се биде член на религиозната заедница на Шакјамуни Буда. Од тие, нашата наклонетост да се земе засолниште во Сангхата (собранието на практикувачи) има тенденција да бледнее, дури и да ние секогаш земаме засолниште во Будата и Дармата (учењата), чувајќи ги нив во преден план на нашите мисли.

Јас верувам дека Будините зборови, 'целината,' треба да се интерпретира да индицира нешто кое носи перфекција или нешто без кое, нештата се нецелосни.

Тоа што Будата го мислел е дека кога ние ја практикуваме нашата верба во изолација, ние имаме тенденција да олабавиме, да паднеме во сомнеж, или да потклекнеме кон различни желби во секојдневниот живот. Во такви времиња, имајќи придружници кои ја делат истата верба – кои нé охрабруваат нас, конструктивно нé критикуваат, или го водат нашето мислење во исправната насока – можат да нѝ помогнат да ги надминеме тие предизвици.

И тоа не е само за избегнување опасности. Колку е одушевувачки, кога ние имаме прекрасно духовно искуство, да имаме некој за да ја споделиме таа радост со нив, сведочејќ и заедно за сигурноста на Дармата! Колку многу тоа може да ја продлабочи вербата на двајцата нас! Ова, исто тка, е драгоцено.

Важноста на афирмирање на еден со друг е исто подучувана во Лотос Сутрата. Само затоа што Будата го изложувал Богатството на Дармата во собранието на Лотос Сутрата не ја прави сутрата целосна. Тоа беше само кога Татхагатата Обилни Богатства се појавил во 'Појавата на Ступата од Драги Камења' поглавјето и го потврдил Богатството на Дармата, како што е изнесено од Шакјамуни, кој рекол, 'Одлично, одлично . . . сето тоа што Светски Почитуваниот Шакјамуни го изнесол е вистината' дека сутрата била вистински целосна. Глетката на двата Шакјамуни Буда и Татхагатата Обилни Богатства седнати заедно во ступата е најбитниот симбол на комплетирање на сутрата.

Заради оваа причина, членовите на Ришо Косеи-каи – сангхата – кои ги делат нивните искуства во Дарма Кругот е, од гледната точка на учењата на Лотос Сутрата, абсолутно суштинско практикување за взаемно афирмирање на драгоценоста на Богатството на Дармата.






# A Global Buddhist Movement




Information about local Dharma centers

facebook

X

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp